‚Ќе успее, ако е искрен.‘“

Од Талха бин Убејдулах, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека рекол: „Еден човек од Нејд, со разбушавена коса, дојде кај Божјиот пратеник салаллаху алејхи ве селем. Слушавме како зборува, но не го разбиравме неговиот говор, сè додека не му се приближи на Божјиот пратеник салаллаху алејхи ве селем. Тогаш тој праша за исламот, а Божјиот пратеник салаллаху алејхи ве селем одговори: ‚Петте намази во текот на денот и ноќта.‘ Човекот праша: ‚Дали има нешто повеќе што е задолжително?‘ Тој одговори: ‚Не, освен ако доброволно сакаш да клањаш повеќе.‘ Потоа рече: ‚И постот во месецот рамазан.‘ Човекот повторно праша: ‚Дали има нешто повеќе што е задолжително?‘ Тој одговори: ‚Не, освен ако доброволно сакаш да постиш повеќе.‘ Потоа Божјиот пратеник салаллаху алејхи ве селем му го спомена и зекатот. Човекот праша: ‚Дали има нешто повеќе што е задолжително?‘ Тој одговори: ‚Не, освен ако доброволно сакаш да даваш повеќе.‘ Човекот замина, велејќи: ‚Се колнам во Аллах, нема да додадам ниту да одземам нешто од ова.‘ Тогаш Божјиот пратеник салаллаху алејхи ве селем рече: ‚Ќе успее, ако е искрен.‘“

[صحيح] [متفق عليه]

Еден човек од Нејд дојде кај Божјиот пратеник салаллаху алејхи ве селем. Косата му беше бушава, а гласот силен и неразбирлив. Не можеше да се сфати што зборуваше, сè додека не се приближи до Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и го праша за обврските во исламот. Божјиот пратеник салаллаху алејхи ве селем започна со намазот, велејќи дека Аллах му пропишал пет намази во текот на секој ден и ноќ. Човекот праша: „Дали има нешто повеќе од овие пет намази, кои ми се обврска да ги клањам?“ Пратеникот одговори: „Не, освен ако доброволно клањаш нафиле намази.“ Потоа додаде: „Од работите што Аллах ти ги пропишал и ти обврска е и постот во месецот рамазан.“ Човекот праша: „Дали сум должен да постам нешто повеќе од рамазанскиот пост?“ Божјиот пратеник салаллаху алејхи ве селем одговори: „Не, освен ако доброволно постиш повеќе од тоа.“ Потоа му го спомена и зекатот. Човекот праша: „Дали сум должен да давам нешто повеќе покрај задолжителниот зекат?“ Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, одговори: „Не, освен ако доброволно даваш повеќе од тоа.“ Откако ги слушна овие обврски, човекот замина, заколнувајќи се во Аллах дека ќе се придржува кон нив без да додава или одзема нешто. Тогаш Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рече: „Ако човекот е искрен во својата заклетва, тогаш тој ќе биде меѓу успешните.“